# Врховен суд на Република Македонија

*Извештај за 2009 година*

# С О Д Р Ж И Н А


ВОВЕД ..................................................................................................................3

ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ......................................................................................................4

ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ.........................................................................................5

1.1 ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА.....................................................................................................5

1.1.1 Структурата на решените предмети ........................................................................... 6

1.1.2 Начин на одлучување.......................................................................................................8

1.1.3 Траење на постапката.................................................................................................. 9

1.2 ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА...........................................................................................10

1.2.1 Структура на решени предмети.................................................................................. ..11

1.2.2 Начин на одлучување.....................................................................................................11

1.2.3 Траење на постапката............................................................................................. ....13

1.3 ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК...................................................................... .......14

1.3.1 Начин на одлучување на првостепените совети.........................................................15

1.3.2 Времетраење на постапката на првостепените совети.........................................15

1.3.3 Начин на одлучување на второстепениот совет.........................................................15

1.3.4 Времетраење на постапката на второстепениот совет.................................... 16

1.4 СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ...............................................................................................17

1.4.1 Траење на постапката.......................................................................................................17

РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)..........................................................................................18

СЕДНИЦА НА СУДИИТЕ..............................................................................................................19

ДРУГИ АКТИВНОСТИ...................................................................................................................19

РАБОТА ВО ВРСКА СО ПРЕТСТАВКИТЕ И ДРУГИТЕ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА..............................................................21

ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА................................................................................22

ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ .......................................................................................................25

Прилог..............................................................................................................................................27

## ВОВЕД

*Врховниот суд на Република Македонија, како највисок суд во Републиката, согласно Уставот на Република Македонија и Законот за судовите, своите функции и надлежности во текот на 2009 година ги вршеше со одлучување по вонредните правни лекови во кривичната, граѓанската и управната област. Врховниот суд на Република Македонија во извештајната година постапувал во прв и втор степен по барањата на странките за заштита на правото на судење во разумен рок.*

*Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, седница на судиите, седници на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, а особено за изедначување на судската пракса.*

*Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и податоци за работата на специјализираните совети.*

*Прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.*

# ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ

Врховниот суд на Република Македонија во 2009 година постапувал по вкупно **3.950** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот.

**Одделот за казниви дела** во 2009 година имал во работа вкупно **867** предмети. Од нив **760** предмети се новопримени, а од претходната година останале нерешени **64** предмети. Во текот на годината, советите решиле **728** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **139** предмети по сите основи.

**Одделот за граѓански дела** во 2009 година имал вкупно во работа **2.525** предмети од надлежност на Врховниот суд на Република Македонија во граѓанската област, од кои **1.175** нерешени предмети од претходната година и **1.257** новопримени предмети во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа, советите во овој оддел решиле **1.664** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **861** предмет.

**Во Одделот за судење во разумен рок** советите **во прв степен** во извештајната година имале вкупно во работа **362** предмети, од кои **48** предмети останале нерешени од 2008 година, а во 2009 година новопримени се **314** предмети.

Од вкупниот број предмети во прв степен, решени се **239** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **123** предмети.

**Во Одделот за судење во разумен рок, второстепениот совет** надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа имал вкупно **129** предмети, од кои само **1** предмет е нерешен од 2008 година, а во 2009 година поднесени се **128** жалби против првостепените решенија и сите се решени.

**Во 2009 година специјализираниот совет** кој постапувал по жалбите против одлуките на Управен суд по барањата за донесување времени мерки од член 15 од Законот за управните спорови, имал во работа вкупно **66** предмети и сите се решени. Во текот на годината биле примени **61** предмет, а **5** предмети останале нерешени од претходната година.

Во периодот од 6.10.2009 година до крајот на годината, примени се **58** предмети – жалби против пресуда на Управен суд (УЖП) по кои не е постапувано, заради потреба од утврдување на надлежност на Судот.  Во текот на 2009 година примени се **13** предмети по барања за заштита на законитоста (УЗЗ) по кои не е постапувано, заради потреба од утврдување на надлежност на Судот, односно легитимација на подносителот.

# ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

## 1.1 ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Одделот за казниви дела** во 2009 година, вкупно во работа имал **867** предмети по сите основи. Од нив **760** се новопримени во текот на годината, а од претходната година останале нерешени вкупно **107** предмети.

Советите во Одделот за казниви дела во извештајната година решиле **728** предмети, а на крајот на годината останале **139** предмети по сите основи.

Во 2008 година во Одделот за казниви дела, примени се **700** предмети, а во 2009 година приливот бил поголем за **60** предмети.






### 1.1.1 Структурата на решените предмети

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда -**КВП** вкупно 450 предмети, е следна:

| Број на предмети | Вид на кривично дело |
|---|---|
| **17** | Убиство |
| **6** | Телесна повреда |
| **1** | Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница |
| **5** | Противправно лишување од слобода |
| **1** | Грабнување |
| **1** | Спречување на избори и гласање |
| **2** | Клевета |
| **2** | Навреда |
| **1** | Изнесување на лични и семејни прилики |
| **8** | Силување |
| **13** | Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години |
| **4** | Посредување во вршење на проституција |
| **1** | Подведување и овозможување на полови дејствија |
| **4** | Затајување |
| **1** | Неплаќање издршка |
| **27** | Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори |
| **1** | Тешки дела против здравјето на луѓето |
| **2** | Пустошење на шума |
| **41** | Кражба |
| **41** | Тешка кражба |
| **14** | Разбојништво |
| **17** | Измама |
| **1** | при добивање кредит или друга погодност |
| **6** | Изнуда |

| | |
|---|---|
| **2** | Уцена |
| **5** | Фалсификување пари |
| **2** | Перење пари и други приноси од казниво дело |
| **2** | Криумчарење |
| **7** | Даночно затајување |
| **3** | Предизвикување на општа опасност |
| **3** | Тешки дела против општата сигурност |
| **5** | Загрозување на безбедност во сообраќајот |
| **18** | Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот |
| **25** | Злоупотреба на службена положба и овластување |
| **1** | Проневера во службата |
| **5** | Примање поткуп |
| **1** | Давање поткуп |
| **2** | Помагање на сторител по извршено кривично дело |
| **1** | Лажно пријавување на кривично дело |
| **1** | Неизвршување на судска одлука |
| **5** | Фалсификување на исправа |
| **3** | Спречување на службено лице при вршење на службени дејствија |
| **3** | Напад на службено лице при вршење на работите на безбедност |
| **12** | Насилство |
| **2** | Симнување или оштетување на службен печат или знак |
| **24** | Недозволено изработување и држење на оружје |
| **1** | Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство и природни реткости |
| **2** | Фалсификување и уништување на деловни книги |
| **1** | по Законот за шуми |
| **1** | по Законот за прекршоци |
| **2** | За безбедност на патиштата |
| **1** | по Законот за чек |
| **19** | Тешка телесна повреда |
| **4** | Одземање на малолетник |
| **1** | Малтретирање на починат или помлад |
| **19** | Трговија со луѓе и криумчарење на имигранти |

Од вкупно решени 386 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

| Број на предмети | Број на обвинети лица |
|---|---|
| **326** | 1 |
| **37** | 2 |
| **14** | 3 |
| **4** | 4 |
| **2** | 8 |
| **1** | 9 |
| **1** | 12 |
| **1** | 14 |

### 1.1.2 Начин на одлучување

**Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста - КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија е следна:

Од вкупно решените 59 барања, 2 се отфрлени, а 6 се одбиени како неосновани. Во уважените барања во 29 предмети, укината е првостепената и второстепената пресуда, во 3 предмети е укината второстепената пресуда, во 9 предмети е констатирана повреда на КЗ и во 6 предмети е донесена ослободителна одлука, а во 4 предмети е преиначена одлуката.

По апелациони подрачја 32 предмети биле од Апелациониот суд Скопје, 11 предмети биле од Апелациониот суд Битола, 11 предмети биле од Апелациониот суд Штип и 5 предмети биле од Апелациониот суд Гостивар.

Исто така, со едно лице имаме 44 предмети, со 2 лица 6 предмети, со 4 лица 4 предмети, со 5 лица 5 предмети, а вкупно осудени лица се 59. При ова, мора да се констатира дека барањата за заштита на законитоста споредени со минатата година, покажуваа пораст за 100% и сите тие предмети во текот на извештајната година се решени од кои останале само 10 нерешени предмети.

**Состојбата на предметите во постапка на трет степен - ВКЖ** по жалби на пресуди на Апелационите судови е следна:

Од 2008 година останале нерешени 4 предмети, новопримени се 22 предмети, во 5 предмети жалбата е отфрлена, во 13 предмети е потврдена второстепената пресуда, во 4 предмети е укината поради повреда на одредбите од кривичната постапка, во 1 предмет е ублажена висината на казната и останале 3 нерешени предмети на крајот на годината. Исто така и кај овие предмети се забележува рапиден скок во постапката пред Врховниот суд.

**Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - ВУК** е следна:

Од 2008 година останале нерешени 31 предмет, новопримени во 2009 година се 233 предмети, вкупно во работа биле 264 предмети од кои решени се 224 предмети, нерешени 40, а по видот на одлуката 196 се одбиени, 23 уважени и 5 предмети се решени на друг начин.

### 1.1.3 Траење на постапката

Во однос на времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција, може да се констатира дека во 2009 година ажурно се постапувало по сите видови на предмети. По одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, нормално е да постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на седниците на советот.

Некои од предметите во судот се испраќани и со некомплетни списи, па било потребно да се враќаат на судовите или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата на кого му бил распределен предметот со преписка со органот од кого е добиен предметот.

Меѓутоа, може со сигурност да се каже дека кај сите предмети кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, исклучива причина е што овие предмети најчесто се вратени административно до судовите за комплетирање на списите и повторно вратени во Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и постапката се одолговлекувала. Во Врховниот суд времетраењето на постапката во 90% случаи не траела повеќе од 1 до 2 месеца, а во исклучителни случаи до 3 месеци.

## 1.2 ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во 2009 година во **Одделот за граѓански дела** имало вкупно во работа **2.525** предмети, од кои **1.179** нерешени предмети останати од претходните години и **1.346** новопримени предмети. Решени се **1.664**, а останале нерешени **861** предмет. Во извештајната година во споредба со претходната година, решени се **361** предмет помалку. Во споредба со 2008 година кога биле примени **1.641** предмет, приливот на нови предмети во 2009 година е намален за **295** предмети. Бројот на решените предмети во извештајната година е намален за **21,7%,** кога се решени вкупно **1.664** предмети, споредбено со претходната година кога биле решени вкупно **2.025** предмети.

На крајот на 2009 година споредено со 2008 година, бројот на нерешените предмети е намален за **318** предмети.






### 1.2.1 Структура на решени предмети

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2009 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ работни спорови **583** предмети или **37%**, потоа по основ надомест на штета **355** предмети или **22,5%,** по основ на долг **233** или **14,8%,** сопственост и владение **190** предмети или **12%**, за поништување и раскинување на договор **112** предмети или **7,1%**, за неосновано збогатување **46** или **2,9%**, за други спорови **21** предмет или **7,1%,** за издршка **16** предмети или **1%**, за развод на брак **10** предмети или **0,6%**, за станбени спорови **6** предмети или **0,3%** и за утврдување и оспорување на татковство **2** предмети или **0,1%**.

Причина за голем број на предмети по основот работен спор по вонреден правен лек од една страна претставува економската состојба во земјата, односно намалување на бројот на работници кај повеќе работодавачи како резултат на економски, структурални и слични промени и друго,како и можноста да се поднесе ревизија во овие спорови без оглед на вредноста на спорот кога се работи за отказ на работниот однос. По другите основи бројот на предметите се движи во рамки и вообичаени бројки како и во претходните години.

### 1.2.2 Начин на одлучување

**Ревизијата** како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на нивните права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети, **2.525** кои биле во работа во 2009 година по ревизија биле **2.432** предмети, односно **96,3%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.574** предмети, односно **64,7%.**

Од решените **1.664** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **794**, односно **47,7%**, преправени **118,** односно **7%**, укинати **142**, односно **8,5%**, отфрлени **479**, односно **28,7%** и на друг начин решени се **41**, односно **2,4%.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60%**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%,** а во 2009 годниа **47,7%**. Од овие бројки се гледа дека процентот на одбиените ревизии во 2009 година, како неосновани споредбено со претходната година е намален.

Состојбата кај **апелационите судови** по однос на **одбиените ревизии во 2009 година** изгледа вака:

- **Апелациониот суд Ск**опје од вкупно **914** решени ревизии, **478** ревизии биле одбиени како неосновани или **52,2%**,  отфрлени  **264** или **28,8%**;
- **Апелациониот суд Битола** од вкупно **385** предмети, **192** ревизии биле одбиени како неосновани или **49,8%**, отфрлени **108** или **28%**;
- **Апелациониот суд Штип** од вкупно **179** предмети, **93** ревизии биле одбиени како неосновани или **51,9%**,отфрлени **55** или **30,7%**;
- **Апелациониот суд Гостивар** од вкупно **96** предмети, **31** ревизии биле одбиени како неосновани или **32,2%**, отфрлени **52** или **54%**.

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49** или **4,4%**, во 2004 година **31** одлука или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**,  во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111 или 5,4%**, а во 2009 година **118** или **7%**. Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е зголемено споредено со претходната извештајна година. Тоа  значи дека нема значителни промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната  година.

Состојбата на апелационите судови по однос на **преиначени ревизии во 2009 година** изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **914** решени ревизии, биле преиначени **67** или **7,3%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **385** решени ревизии, биле преиначени **35** или **9%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **179** решени ревизии, преиначени се **12** ревизии или **6,7%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **96** решени ревизии, преиначени се **4** ревизии или **4,1%**.

Причините за укинувањето на судските одлуки, гледано низ показателите изразени во бројки изгледа вака: од вкупно **142** укинати одлуки, по основ суштествени повреди на постапката се **118** или **83%**, а поради погрешна примена на материјалното право и со тоа нецелосно утврдена фактичка состојба **24** или **16,9%.** За утврдување на причините за ваквиот соодност на укинати судски одлуки треба посебно истражување. Без оглед на резултатите од истражувањето, неодминлив е впечатокот дека треба да се работи на подобрување на квалитетот во работењето.

Резултатите по однос на **укинатите одлуки по Апелационите судови** се следни:

Апелационен суд Скопје од вкупно **914** предмети, **82** се укинати или **8,9%**;

Апелационен суд Битола од вкупно **385** предмети, **39** се укинати или **10%**;

Апелационен суд Штип од вкупно **179** предмети, **16** се укинати или **8,9%**;

Апелационен суд Гостивар од вкуп**но 96** предмети, **5** се укинати или **5,2%**.

**Одделот за граѓански дела** освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети кои му се ставени во надлежност. Така, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, биле во работа вкупно **93** предмети и од овие решени се **90** предмети, или **96,7%**, а останале нерешени **3** или **3,2%**.

### 1.2.3 Траење на постапката

Во 2009 година од вкупно решени **1.574** предмети, траењето на постапката

- над 1 година кај **178** предмети,
- до 1 година кај **1.253** предмети,
- до 6 месеци кај **49** предмети,
- до 3 месеци кај **30** предмети и
- до 1 месец кај **41** предмет,

што значи најголем број на предмети биле решени во времетраење на постапката од над 6 месеци. Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд се уште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд оди кон подобрување.

Ваквата состојба е резултат на релативно големиот обем на работа, околност која се очекува значително да се подобри во наредната година.

## 1.3 ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Во Одделот за судење во разумен рок, во текот на извештајната 2009 година, вкупно во работа биле **491** предмети по сите основи, од кои во текот на годината новопримени се **442** предмети, а од претходната година останале нерешени вкупно **49** предмети.

Во текот на извештајната година судиите решиле **368** предмети, а на крајот на годината останале **123** предмети по сите основи.






**Во Одделот за судење во разумен рок советите во прв степен** во извештајната година имало вкупно во работа **362** предмети, од кои **48** предмети останале нерешени од 2008 година, а во 2009 година новопримени се **314** предмети. Од вкупниот број предмети во прв степен, решени се **239** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **123** предмети.

### 1.3.1 Начин на одлучување на првостепените совети

Следејќи ја работата на решавање на предметите на првостепените совети по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Од решените **239** предмети, **45** барања за заштита на законитоста на правото на судење во разумен рок се уважени или **19%**, **89** барања се одбиени или **36%**, **99** барања се отфрлени или **42%**, а **6** барања биле решени на друг начин, со спојување на постапките или **3%**.

### 1.3.2 Времетраење на постапката на првостепените совети

Времетраењето на постапувањето на првостепените совети по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

Од вкупно решените **239** предмети, во **45** предмети постапката е завршена до **1 месец**, во **96** предмети постапката е завршена за период од **1 до 3 месеци**, во **61** предмет постапката е завршена за период од **3 до 6 месеци**, а во **37** предмети постапката е завршена во период подолг од **6 месеци**.

**Во Одделот за судење во разумен рок, второстепениот совет** надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа имал вкупно **129** предмети, од кои само **1** предмет е нерешен од 2008 година, а во 2009 година поднесени се **128** жалби против првостепените решенија и сите се решени.

### 1.3.3 Начин на одлучување на второстепениот совет

Следејќи ја работата на решавање на предметите на второстепениот совет по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Во текот на 2009 година во работа биле **129** предмети по жалба, од кои од 2008 година останал нерешен **1** предмет, а во 2009 година поднесени се **128** жалби против првостепени решенија, од кои решени се сите **128** жалби.







## 1.3.4 Времетраење на постапката на второстепениот совет

Времетраењето на постапувањето на второстепениот совет надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд до експедирање на второстепеното решение на подносителот на барањето.

Од вкупно решените **129** предмети, во **88** предмети постапката е завршена за период од **1 месец**, во **19** предмети постапката е завршена за период до **2 месеци**, во **21** предмет постапката е завршена за период до **3 месеци**, а во **1** предмет постапката е завршена за период до **4 месеци**.

## 1.4 СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ

Во текот на извештајната 2009 година за одлучување по жалбите против одлуки на Управниот суд по барања за донесување времени мерки - **УЖВМ** согласно член 15 став 5 од Законот за управните спорови, состојбата е следна:

Од претходната година останале нерешени **5** предмети, а новопримени се **61** предмет. Вкупно во работа биле **66** предмети и сите се решени.

Во 2009 година примен е **1** предмет **УПП**, вкупно во работа **1** предмет и истиот е решен (повторување на постапка).

Во периодот од 6.10.2009 година до крајот на годината, примени се **58** предмети – жалби против пресуда на Управен суд (УЖП) по кои не е постапувано, заради потреба од утврдување на надлежност на Судот.

Во текот на 2009 година примени се **13** предмети по барања за заштита на законитоста (**УЗЗ**) по кои не е постапувано, заради потреба од утврдување на надлежност на Судот, односно легитимација на подносителот.

### 1.4.1 Траење на постапката

Во однос на времетраењето на постапката по овие предмети, може да се констатира дека сите **66** предмети се решени во рамките на кусите законски рокови односно до **1 месец**.

Во 2009 година примен е само **1** предмет УПП кој е решен до **1 месец**.

Во текот на извештајната 2009 година, состојбата по области на УЖВМ предметите е следна: **1** предмет за експропријација; **6** предмети за денационализација; **1** предмет за утврдување содржина на недвижности; **1** предмет за запишување во катастар за недвижности; **3** предмети за одобрение за градење; **3** предмети за одобрение за употреба на објект; **11** предмети за уривање на објект; **1** предмет за земјоделство; **4** предмети за мерки на инспекциски надзор од стопанството; **2** предмети за одобрение за вршење линиски превоз; **3** предмети за мерки на инспекциски надзор од сообраќај и врски; **3** предмети за

јавни набавки; **1** предмет за надзорни мерки на инспекторот на трудот; **4** предмети за персонален данок; **1** предмет за данок од добивка; **2** предмети за данок на имот; **10** предмети за царина; **1** предмети за работни односи; **2** предмети за разрешување од должност; **2** предмети за економија; 1 предмет за акции и **3** предмети за упис во регистар.

## РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно со член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2009 година има одржано **11 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

-Донесена е одлука по барање за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на Република Македонија, подигнато против пресудите на Врховниот суд на Република Македонија Вкж.бр.3/08 од 26.03.2008 година и Квп.бр.56/09 од 31.03.2009 година.

-Донесен е Деловник за измена и дополнување на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија 03 бр.195/08 од 4.03.1998 година (“Службен весник на РМ“ бр.13/98).

- Разгледан е и усвоен Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2008 година.

- На проширена Општа седница во два дена се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2008 година и усвоени оценки и заклучоци по истите.

- Усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работа на судовите.

- Мислење за Распоредот за работа на Врховниот суд на Република Македонија за 2009 година.

- Формирани се Совети за одлучување по 10 жалби, изјавени против решенијата за разрешување на судии, донесени од Судскиот совет на Република Македонија.

- Усвоена е Предлог Одлуката за ориентационата норма на судиското работење.

- Утврден е начелен став по однос на прашањето од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите при склучување на судско порамнување член 307 - 310 од Законот за парничната постапка.

- Расправано е по предлог начелно правно мислење по правното прашање Право на поднесување барање за заштита на законитоста по член 49 од Законот за управните спорови.

- Утврдено начелно правно мислење по правното прашање: Надлежност на Врховниот суд на Република Македонија да одлучува по жалба на пресудите на Управниот суд од член 39 став 1 од Законот за управните спорови.

## СЕДНИЦА НА СУДИИТЕ

Во текот на 2009 година одржана е седница на судиите на која се разгледувани следните прашања:

-Разгледување на Одлуката на Судскиот совет во врска со потребата да се утврди процент за квалитетот на работата на судиите на Република Македонија (процент на укинати во однос на обжалени предмети).

-Потреба од утврдување ориентациона норма за работата на судиите на Врховниот суд на Република Македонија.

-Формирање на Комисија за оценување на судиите за постигнатите резултати за 2008 година, согласно член 16 од Правилникот за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите на Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр.31/08).

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Сите судии на Врховниот суд на Република Македонија во текот на извештајната 2009 година, активно учествувале во работата и одлучувањето по предметите што се разгледувани по вонредни правни средства на Општа седница, како и во разгледување и одлучување по други материјали изнесени на Општа седница, седниците на судиите и седниците на одделите.

**Одделот за казниви дела** во текот на 2009 година расправал по разни материјали и информации што му биле дадени во надлежност за произнесување од Министерството за правда и други институции, по кои се заземени одредени становишта, а биле разгледувани и донесувани правни прашања по одредени прашања. На седници на одделот биле разгледувани и прашања кои биле доставени од апелационите судови.

Во текот на извештајната 2009 година судиите од Одделот за казниви дела, државните советници, советници и вишите соработници, активно учествувале и на повеќе конференции, семинари и советувања организирани од страна на Министерството за правда, Здружението на судии на Република Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители, Советот на Европа, ОБСЕ и други.

Во текот на 2009 година **Одделот за граѓански дела** според Програмата за работа за 2009 година, редовно одржувале бројни седници на кои се расправало за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се договорени ставови, донесени правни мислења и заклучоци по истите.

Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, при што

таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за редовното работење на Одделот.

Судиите реализирале посета на дел од основните судови и на Апелационите судови во Република Македонија, согласно Програмата и Распоредот на овој Оддел за посета на судови во 2009 година. Остварени се и посебни работни средби со одделите за граѓански дела на Апелационите судови на кои, освен редовната размена на мислења по правни прашања, посебно е расправано за дилемите околу примената на Законот за парничната постапка како и примена на Законот за работни односи.

**Одделот за судење во разумен рок во 2009 година** одржал две седници на кои беа разгледани актуелни прашања, меѓу кои особено за:

-Воедначување на праксата на првостепените совети по прашањето на изреката, формата и содржината на образложението на одлуките;

-Оценка на траењето на постапката при утврдување на постоење повреда на правото на судење во разумен рок и определување на правичниот надоместок споредбено со праксата на Европскиот суд за човекови права;

-Донесен е заклучок по правното прашање за обврзаноста на судот за определување на правичен надоместок во случај кога барањето таков надомест не е побаран;

-Определување рок по член 36 став 5 од Законот за судовите и измените на Законот за судовите,

-Следење на задолжувањата на судот пред кого е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, постапката да ја заврши во определениот рок и последиците за судот и судијата кој постапува по предметот;

-Известување за воспоставена евиденција за квалитет на одлуките на првостепените совети;

-Известување за потребата за определување на податоци потребни за извршување на определениот правичен надомест.

Одделот за судење во разумен рок во 2009 година остварувал честа комуникација и соработка со Министерството за правда – Владиниот агент, која се остваруваше преку размена на податоци од работата на Одделот во врска со поднесените барања за заштита на правото на судење во разумен рок и извештаите кои се поднесуваат по основ на ефикасноста на правното средство до Европскиот суд за човекови права и Советот на министри. Воедно, Одделот остварил и повеќе средби со Судскиот буџетски совет, во врска со начинот на исплата на досудените надоместоци, при што е изедначена праксата за начинот и времето на исплата на досудените правични надоместоци.

## РАБОТА ВО ВРСКА СО ПРЕТСТАВКИТЕ И ДРУГИТЕ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2009 година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **1009** поднесоци (уписник за претставки и поплаки и уписник разно 12-барање за побрзо решавање на предметите и други барања.

Од вкупниот број на поднесоци, **220** се барања за побрзо решавање на предметите, **447** претставки и **342** други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **220** барања за приоритетно решавање на предмети, одобрил **84**, одбил **48**, додека пак за останатите предметите веќе биле земени во работа.

По двата основи, во **11** случаи до Судот се обратил Народниот правобранител, во **32** случаи Министерството за правда, во **7** случаи Судскиот совет на Република Македонија и во **3** случаи Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Претставките најчесто се однесуваат на долгото траење на постапките пред основните судови, како и на работата и однесувањето на поедини судии и

претседатели. По сите претставки, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за претставки и предлози и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија.

## ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права, делегација на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 28 јануари до 1 февруари 2009 година, присуствуваше на традиционалната свеченост по повод Годишнината од официјалното отварање на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Во рамките на континуираната обука преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители, за судиите на Врховниот суд на Република Македонија беше организирана и реализирана посета на Европскиот суд за човекови права во

Стразбур. Првата група на судии и советници на Врховниот суд, посетата на Европскиот суд за човекови права ја оствари во периодот од 17 до 21 мај 2009 година, а втората група судии од 14 до 16 декември 2009 година. Целта на посетата беше поблиско запознавање на судиите на Врховниот суд со работата и функционирањето на Европскиот суд за човекови права, посебно од аспект на

примената на новото правно средство, барањата на странките за повреда на правото на судење во разумен рок.

- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на покана на Врховниот суд на Србија, учествуваше на традиционалното Годишно советување "Судски денови 2009" одржано од 4 до 6 октомври 2009 година во Врњачка Бања во Република Србија.

- На покана на Врховниот суд на Црна Гора, по повод Денот на Црногорското судство, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 29 до 31 октомври 2009 година, учествуваше на Семинарот организиран по тој повод со наслов "Судски денови 2009" во Будва - Република Црна Гора.

Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:

- Експертска мисија на европската Комисија во рамките на спроведувањето на регионалниот Проект ИПА помошта, наменет за воспоставување на методи за намалување на бројот на стари и нерешени предмети, услови за воведување скратени постапки, како и за зголемување на употребата на медијацијата и арбитражата. Посетата е реализирана со цел анализа на природата на заостанатите предмети и употребата на ИТ технологијата кај граѓанските и прекршочните предмети, како и подобрување на законската рамка за надминување на слабостите со кои се соочуваат судовите во решавањето на старите предмети.

- Директорот на Програмата за судска реформа на Мисијата на ОБСЕ и Шефот на Одделот за владеење на правото, со цел разгледување на можноста за помош во поглед на организирање на понатамошни обуки, дебати, размена на искуства за прашања поврзани со предметите за судење во разумен рок, како и презентирање на планот на ОБСЕ за организирање дебата за подобрување на независноста на судството во Република Македонија.

- Во соработка со Министерството за правда на Република Македонија, делегација на претставници од Министерството за правда на Република Хрватска оствари посета на Врховниот суд на Република Македонија, со цел запознавање со искуствата на Република Македонија во спроведувањето на Законот за извршување.

- Претставници на Центарот за меѓународна правна соработка на Холандија во рамките на Проектот на Холандската Амбасада за следење на судската пракса и владеење на правото. Посетата е реализирана со цел испитување на можностите за формирање дата база на судската пракса на судовите во Република Македонија за нејзина достапност не само до судиите и стручната јавност, туку до сите граѓани на Република Македонија.

- Делегација на Проектот на УСАИД за модернизација на судството со цел презентирање на активностите преземени од нивна страна за реализирање на студиска

посета на претставници од судството на Република Македонија на Соединетите Американски Држави, како и согледување на активностите во имплементирањето на апликацијата за автоматско управување со предметите - АКМИС.

- Група консултанти и претставници на УСАИД од Вашингтон, со цел преземање на нови стратегиски планирања за продолжување на помошта која УСАИД ја дава во Република Македонија.

- Амбасадорот на делегацијата на европската Комисија на Европската Унија во Република Македонија. Средбата беше посветена на поблиско запознавање и разговор за текот на реформата на судскиот систем со осврт на должината на траењето на судските постапки и ефикасноста на судскиот систем, односно соодносот на судиите и бројот на стручните соработници, транспарентноста, Судскиот буџет и соработката со Министерството за финансии.

- Делегација на Светска банка во Република Македонија, со цел презентирање на преземените чекори по поединечните компоненти покриени со Проектот за правни и правосудни имплементации и институција на поддршка.

- Протоколарна средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и новиот шеф на Одделот на владеење на правото во Американската Амбасада, за запознавање со состојбите во правната сфера во Република Македонија, функционирањето на правниот систем и посебните случаи на корупција.

- Претставник на Проектот за спречување на корупција во рамките на Британската Амбасада, во поглед на преземање идни активности во рамките на овој проект за зајакнување на капацитетите на институциите надлежни за справување со организираниот криминал и корупција, преку размена како на регионални и меѓународни искуства, како и за подобрувањето на законската рамка.

- Во рамките на меѓународната соработка која Академијата за обука на судии и јавни обвинители ја остварува во европската правосудна мрежа за обуки преку Програмата за обука на судии и јавни обвинители, Врховниот суд на Република Македонија го посетија група на судии и обвинители од Италија, Шпанија, Романија, Белгија и Чешка. За време на средбата, судиите и обвинителите се запознаа со организационата поставеност на судскиот систем во Република Македонија, како и внатрешната организација и надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија.

- По препорака на Генералниот секретар на Организацијата на Обединетите Нации, Врховниот суд на Република Македонија го посети судија на Хашкиот Трибунал, со цел испитување на можностите за воспоставување на информативен центар во Република Македонија, по примерот на воспоставување на информативни центри во државите од поранешна Југославија, за овозможување на граѓаните на овие земји полесен и побрз пристап до поважните записи од постапките водени пред Хашкиот трибунал.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1.** Во Врховниот суд на Република Македонија во 2009 година биле примени вкупно **3.950** предмети по сите основи. До крајот на извештајната година решени се вкупно **2.827** предмети од сите основи, а останале нерешени **1.123** предмети

**2. Одделот за казниви дела** извештајната 2009 година ја завршил како ефикасен. Во 2009 година во работа биле вкупно **867** предмети. Во текот на годината решени се **728** предмети, а останале нерешени **139** предмети. Остатокот од **139** нерешени предмети, се должи на поголемиот прилив на предмети и фактот што определен број предмети се примени во последните два месеци од извештајната година и тие не можат да бидат земени во работа од објективни законски рокови поврзани со мислења на странките.

**3. Во Одделот за граѓански дела** извештајната 2009 година ја завршил како ефикасен. Во 2009 година вкупно во работа биле **2.525** предмети. Во текот на годината решени се **1.664** предмети, а останале нерешени **861** предмет од вкупно примените во текот на годината. Споредено со 2008 година, бројот на нерешените предмети на крајот на 2009 година е намален за **318** предмети. Причината за ваквата подобрена состојба е фактот дека во Одделот во тековната година работеа 13 судии и зголемен број на советници. Ангажманот на судиите и советниците во Одделот се оценува како ефикасен. Со таков однос, Одделот ќе продолжи и во наредната година, посебно имајќи го предвид зголемениот број на ангажирани судии и советници во Одделот, доволен основ за очекување дека резултатите ќе бидат подобри од извештајната година, а што ќе доведе до уште побрзо и поефикасно одлучување по предметите.

**4**.Одделот за судење во разумен рок извештајната 2009 година ја завршил како ефикасен. Првостепените совети од вкупно 362 предмети во работа во текот на годината, решила 239 предмети.

Второстепениот совет кој е надлежен да одлучува по жалбите изјавени против првостепените решенија, во текот на годината имал вкупно во работа **129** предмети и сите се решени.

**5. Специјализираниот совет** кој постапувал по жалбите против одлуките на Управниот суд по барањата за донесување времена мерка, извештајната година ја завршил како апсолутно ефикасен. Сите **66** предмети се решени во текот на годината во законските рокови.

**6.** Врховниот суд на Република Македонија ќе ја продолжи праксата за донесување начелни ставови и начелни правни мислења и изработка на сентенци кои ќе бидат одобрени на седница на одделите, заради објавување на Web страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија и во иднина ќе овозможи одлуките на сите совети да бидат достапни до пошироката јавност преку објавување на истите на Web страната на Судот.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Прилог

| ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА** | | | | |
| **Вид на предмети** | **Останале нерешени** | **Дојдени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени** |
| Вкж | 4 | 22 | 26 | 23 | 3 |
| Квп | 64 | 386 | 450 | 370 | 80 |
| Вук | 31 | 233 | 264 | 224 | 40 |
| Кзз | 4 | 65 | 69 | 59 | 10 |
| Кр | 4 | 54 | 58 | 52 | 6 |
| **ВКУПНО** | **107** | **760** | **867** | **728** | **139** |
| | **ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА** | | | | |
| **Вид на предмети** | **Останале нерешени** | **Дојдени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени** |
| Рев | 1175 | 1257 | 2432 | 1574 | 858 |
| Р | 4 | 89 | 93 | 90 | 3 |
| **ВКУПНО** | **1179** | **1346** | **2525** | **1664** | **861** |
| | **ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК** | | | | |
| **Вид на предмети** | **Останале нерешени** | **Дојдени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени** |
| Пcрр | 48 | 314 | 362 | 239 | 123 |
| Пcррж | 1 | 128 | 129 | 129 | - |
| **ВКУПНО** | **49** | **442** | **491** | **368** | **123** |
| | **СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ** | | | | |
| Вид на предмети | **Останале нерешени** | **Дојдени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени** |
| Ужвм | 5 | 61 | 66 | 66 | - |
| Упп | - | 1 | 1 | 1 | - |
| **ВКУПНО** | **5** | **62** | **67** | **67** | **-** |
| | | | | | |
| **СЕ ВКУПНО** | **1340** | **2610** | **3950** | **2827** | **1123** |

**-Во периодот од 06.10.2009 година докрајот на годината, примени се 58 рпедмети-жалби против пресуда на Управен суд (УЖП) по кои не е постапувано, заради потреба од утврдување на надлежност на Судот.**

**-Во текот на 2009 година примени се 13 предмети по барања за заштита на законитоста (УЗЗ) по кои не е постапувано, заради потреба од утврдување на надлежност на Судот, односно легитимација на подносителот.**